Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

**Комерцијална банка АД Скопје**
**Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност**
Васил Иљоски бр.3
1000 Скопје

**Понуда за преземање**

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на Васил Иљоски бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст „Банката"), во име и за сметка на Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје, со седиште на ул. Методија Андонов Ченто бр.3, 1000 Скопје, со ЕМБС 5725631 (во понатамошниот текст „Преземачот"), во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), ја дава следнава

## ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

на сите акции издадени од Фабрика Карпош АД Скопје, Акционерско друштво за проектирање, производство и монтажа на бетонски префабрикати, станови, индустриски објекти, мостови и далноводи - Скопје (Фабрика Карпош АД Скопје) со седиште на ул. Ацо Шопов бр. 76, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со даночен број MK4030948263700 и ЕМБС 4054890 (во понатамошниот текст Фабрика Карпош АД Скопје).

1. Понудата за преземање се однесува на:

- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од Фабрика Карпош АД Скопје.

- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите 62.078 обични акции со право на глас издадени од Фабрика Карпош АД Скопје со ИСИН број: MKFKAR101010, освен 74.778 обични акции со право на глас кои се во сопственост на преземачот Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје, 149.222 обични акции на кои им е регистрирано ограничување на правото на глас кои се во сопственост на Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје и 13.034 сопствени акции кои ги поседува Фабрика Карпош АД Скопје.

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од Фабрика Карпош АД Скопје.

   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Фабрика Карпош АД Скопје во согласност со пропишаните и објавените услови.

3. Преземачот се обврзува да ги откупи сите 62.078 обични акции со право на глас по цена од 350,00 денари по акција.

Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

Утврдената цена од 350,00 денари по акција е еднаква со просечната цена на обичните акции издадени од Фабрика Карпош АД Скопје, постигната на Македонската Берза за хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

4. Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност предаде банкарска гаранција во вкупен износ од 21.727.300,00 денари, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва.

   Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно ро рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5. Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 28 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на **29.01.2026** година и завршува на **25.02.2026** година.

6. Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 1.

   Не се определува најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна.

7. Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Скопје, 29.01.2026 година

Комерцијална банка АД Скопје

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А Д СКОПЈЕ 09